

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Тело за управување со
ИПАРД



## Мерка 3

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ





# Европски можности за македонското земјоделство и руралниот развој



www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk

Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020
Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД
ул. Аминта III бр. 2, Скопје
Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020

Овој проект е ко-финансиран
од Европска Унија

# ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ (МЕРКА 3)

## I. Корисници

- **Правни лица** (трговски друштва во рангот на микро, мали и средни претпријатија до **250** вработени и годишен обрт до 50 мил. €) и
- **Задруги.**

Претпријатија кои не се опфатени со дефиницијата за микро и средни, но кои вработуваат помалку од **750** вработени и кои имаат годишен обрт кој не надминува **200** мил. €, може да бидат прифатливи како корисници, но во овој случај поддршката може да се додели за инвестиции посебно наменети да го надградат целиот систем во согласност со релевантните стандарди на ЕУ.

## II. Приоритетни сектори :

- Преработка на млеко и млечни производи;
- Преработка на месо и месни производи (вклучувајќи јајца и живина);
- Преработка на овошје и зеленчук (вклучувајќи компир, печурки и легуминозни култури);
- Преработка на житарици, мелнички производи и скроб;
- Растителни и животински масти и масла;
- Шира, вино и оцет;
- Производство на енергија со преработка на примарна биомаса од растително и животинско потекло, со исклучок на биомаса од рибни производи.



## III. Стандарди

Корисниците се должни на крајот на инвестицијата да ги достигнат минималните национални стандарди:

- за заштита на животна средина;
- јавно здравје;
- благосостојба на животните - применливо кај кланичните капацитети и
- исполнување на стандардите за заштита при работа.

## IV. Економска одржливост

Финансиската / Економската одржливост на инвестицијата барателот ја докажува преку:

- **Деловен план**

## V. Сопственост на земјиште/објекти

За земјиштето и/или објектите кои се предмет на инвестицијата барателот треба да докаже:

- **Сопственост или**
- **Договор за закуп**

(најмалку **7** години од денот на поднесување на барањето).

## VI. Специфични критериуми

- Барателот кој предлага инвестиции во сектор вино, треба да се регистрира во Регистар за производители на вино при Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, со датум пред датумот на поднесување на барањето за исплата;

- Барателот кој предлага инвестиција во центар за собирање и дистрибуција на зеленчук и овошје, житарици и млеко треба да е регистриран во Регистар за откупувачи на земјоделски производи при Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, со датум пред датумот на поднесување на барањето за исплата.



## VII. Прифатливи инвестиции

- **Конструкција или реконструкција на згради и друг недвижен имот** кој се користи за преработка и маркетинг на земјоделски производи, помошни простории, објекти кои придонесуваат кон заштита на животната средина или заштита при работа и потребната опрема.
- **Купување и/или инсталација на нови машини и опрема/инструменти** за:
  - Сортирање, прибирање, складирање и разладување на собирните места;
  - Преработка, пакување, разладување, замрзнување, сушење итн. и складирање (вклучувајќи и манипулација);
  - Воведување на производство на нови производи, нови технологии и процеси;
  - Заштита на животната средина;
  - Производство на енергија од обновливи извори на енергија;
  - Подобрување и контрола на квалитет и безбедност на суровините и готовите производи.
- **Купување на специјални транспортни резервари и приколки за транспорт** на суровините вклучувајќи и транспорт на живи животни;
- **Купување и/или инсталирање нови машини и/или опрема** за заштита на животната средина, вклучувајќи опрема за производство на електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија;
- **Развој и воспоставување на инфраструктура**, на имот кој е во сопственост на претпријатието, со цел задоволување на потребите на производната активност на претпријатието.

### Идни инвестиции

Барателите може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималните вкупни прифатливи трошоци (до **4.500.000 €**) да не бидат надминати и претходните проекти да бидат реализирани, (исплатени на корисникот).



## VIII. Висина на поддршка

Висината на финансиската поддршката изнесува до **50%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Горната граница се зголемува за **10** процентни поени за:

- Инвестиции во згради/опрема со цел подобрување на енергетскатата ефикасност;
- Инвестиции во згради/опрема за производство на био-енергија во случај на преработка на производи (суровини), како и преработка на примарна и секундарна биомаса од животни и растенија;
- Инвестиции во згради/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија со цел задоволување на сопствените потреби за енергија;
- Инвестиции за згради/опрема за третман на вода/отпадна вода.

Минимална вредност на вкупните прифатливи трошоци по инвестициски проект - **10.000 €**.
Максималната вредност на вкупни прифатливи трошоци по еден корисник по мерка **3** изнесува до **4.500.000 €** за целиот период на спроведувањето на Програмата.

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Тело за управување со
ИПАРД

**Потребните формулари за аплицирање може да се подигнат во:**

**Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство**
Тел.: 02/3134-477 локал 113,114,115, Сектор ИПАРД
Адреса: Аминта III бр.2, Скопје,
**www.ipard.gov.mk**

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
Тел.: 02/3097-460
Адреса: III Македонска бригада бб., Скопје
**www.ipardpa.gov.mk**

**Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството**
Тел.: 047/228-330 и 047/228-370
Адреса: Климент Охридски бб, Пелагонка II-5/3, Битола
**www.agencija.gov.mk**

**www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk**

**Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020**
**Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД**
**ул. Аминта III бр. 2, Скопје**
**Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020**

Овој проект е ко-финансиран
од Европска Унија